РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3158/2
29.07.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 8-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 23.07.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Алма Машовиќ.

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева м-р Александар Џуваревиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 8-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала на втори кат.

Г-дин Петрушевски информира дека г-ѓа Машовиќ нема да присуствува на седницата поради користење на годишен одмор и се наоѓа во странство.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за“, го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Образложение ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата.
2. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Трајчевски објасни дека пред да започне седницата, имал телефонски повик и најава од ТВ КАНАЛ ВИС дека долгот што го има радиодифузерот за годишниот надоместок и заради кое е покрената постапката за одземање на дозволата ќе биде платен во текот на денешниот ден и ќе ја достави уплатницата како доказ. Агенцијата овие средства на сметката ќе ги види во текот на утрешниот ден. Исто така најавиле

дека утре најдоцна до 14:30 часот ќе пратат документи за кадровската состојба за која што исто така е покрената постапката. Во таа насока предложи оваа седница да се одолжи и да се продолжи следниот ден во 15.30 часот, кога ќе има појасна состојба дали медиумот постапил или не во однос на тоа што е телефонски разговарано.

Г-дин Петрушевски рече дека по образложението од директорот, тоа е и негово размислување. Се изјасни дека го прифаќа предлогот да се прекине седницата и утре да се продолжи во 15:30 часот со седница која ќе се одржи преку видео конференциска врска.

Советот немаше против предлогот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**